- 
  - mzsv1@mzsv.gov.mk
- 
  - Македонски

Број на Службен весник:82/2014
Датум на објава на Службен весник:23.05.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/
Испечати го документот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 27 став (7) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНТРОЛНАТА МАРКА - ЕТИКЕТА, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНТРОЛНАТА МАРКА - ЕТИКЕТА КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО НА КОНТРОЛНАТА МАРКА - ЕТИКЕТА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината на барањето за издавање на контролната марка – етикета, потребната документација, формата и содржината на контролната марка-етикета, како и начинот на издавањето на контролната марка-етикета.

### Член 2

(1) Барањето за издавање на контролната марка - етикета за означување на увезениот семенски и саден материјал и материјал за размножување на земјоделски растенија и мицелиум за габи за исхрана се печати во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1

кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Кон барањето од член 2 на овој правилник увозникот до Управата за семе и саден материјал ја доставува следната документација:

- доказ за платен надоместок за издавање на контролни марки – етикети и

- копија од фактура на робата која се увезува со печат дека е дозволен увоз.

**Член 4**

(1) Контролната марка - етикета е во правоаголна форма со димензии 2 x 4 cm. на хартија со портокалова боја и холограмска лента со ширина 5мм и должина 20мм.

(2) Контролната марка – етикета ја содржи ознаката и серискиот број.

(3) Формата и содржината на контролната марка - етикета е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Врз основа на барањето за издавање на контролна марка - етикета за означување на увезениот семенски и саден материјал и материјал за размножување на земјоделски растенија и мицелиум за габи за исхрана, Управата за семе и саден материјал на увозникот кој ги исполнува условите за ставање во промет на увезениот семенски и саден материјал и материјал за размножување на земјоделски растенија и мицелиум за габи за исхрана му издава контролни марки-етикети, најдоцна за пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2014 година.

| | |
|---|---|
| Бр.08-2176/3 | Министер за земјоделство, |
| 9 мај 2014 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог 2


Република Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Управа за семе и саден материјал
Контролна марка - етикета
0000000000
Ознака за сериски број
Холограмска лента со ширина 5мм и должина 20мм

Прилог 1

РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Адреса: Аминта Трети бр. 2, 1000 Скопје; тел: +389 2 3134 477
маил: info@mzsv.gov.mk; веб: www.mzsv.gov.mk

***Барање за издавање на контролни марки - етикети***

**Снабдувач - увозник:** ______________________________

**Адреса и седиште:** ______________________________

**Телефон/Факс:** ______________________________

**Е - пошта:** ______________________________

**Регистерски број (РБС):** ______________________________

**Земја и фирма производител:** ______________________________

**I005 ДИЗ (Референтен број):** ______________________________

**Број на фактура:** ______________________________

**Лице за контакт и телефон:** ______________________________

**Број на побарани контролни марки – етикети:** ______________________________

| Ред бр. | Култура/ вид | Латинско име | Сорта / подлога | Вид на пакување | Вкупна количина (број,кгр., гр.,СЕ-семенски единици) | Парчиња во пакување (број,кгр.,гр., СЕ-семенски единици) | Број на партија | Број на етикети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

**Дата** ____________________

**Барател** ____________________